**20180851552**

**ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 47 став (6) од Законот за земјоделство и рурален развој („Службен весник на Република Македонија“ бр.49/10, 53/11, 126/12, 15/13, 69/13, 106/13, 177/14, 25/15, 73/15, 83/15, 154/15, 11/16, 53/16, 120/16, 163/16 и 74/17), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 8.5.2018 година, донесе

**УРЕДБА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА УРЕДБАТА ЗА ПОБЛИСКИТЕ КРИТЕРИУМИ ЗА ДИРЕКТНИ ПЛАЌАЊА, КОРИСНИЦИТЕ НА СРЕДСТВАТА, МАКСИМАЛНИТЕ ИЗНОСИ И НАЧИНОТ НА ДИРЕКТНИТЕ ПЛАЌАЊА ЗА 2018 ГОДИНА**

Член 1

Во Уредбата за поблиските критериуми за директни плаќања, корисниците на средствата, максималните износи и начинот на директните плаќања за 2018 година („Службен весник на Република Македонија” бр. 21/18 и 29/18) во членот 2 став (2) во табелата во подмерката 1.16 во алинеја 2 зборовите „31 март 2019 година“ се заменуваат со зборовите „30 април 2019 година“.

Член 2

Во членот 3 во ставот (2) зборовите „најдоцна до 31.3.2018 година“ се бришат.

Член 3

Во членот 4 во точката 1 зборовите „15 мај 2018 година“ се заменуваат со зборовите „12 јуни 2018 година“.

Во точката 4 во алинејата 1 зборовите „16 мај 2018 година“ се заменуваат со зборовите „23 мај 2018 година“.

Член 4

Оваа уредба влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 44-4827/1
8 мај 2018 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Зоран Заев,** с.р.